# AgriSkills



## AgriSkills

Претприемачки вештини за дигитализација во земјоделството во руралните области

## ИЗГРАДЕТЕ ГИ ВАШИТЕ ВЕШТИНИ ЗА ДИГИТАЛНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Дали сте подготвени да ги унапредите вашите земјоделски практики? Дигиталното земјоделство е иднината и време е и Вие да се приспособите кон промените. Прифаќањето на дигиталното земјоделство може да донесе значителни придобивки за Вашиот бизнис, меѓу другото зголемена продуктивност и профитабилност, намалено влијание врз животната средина, намалени трошоци и подобри приноси.

Дигиталното земјоделство вклучува употреба на технологија и решенија засновани на податоци за подобрување на земјоделските практики. Со вклучување на дигитални технологии, како што се прецизно земјоделство, далечинско набљудување и аналитика на големи податоци, можете значително да ги подобрите вашите активности:

- Може да донесувате одлуки засновани на податоци за кога да ги засадите, наводнувате и жнеете вашите култури.
- Можете и попрецизно да ја следите влажноста на почвата, плодноста и нивото на хранливи материи, што ќе ви овозможи да ја оптимизирате употребата на ѓубриво и вода.
- Може да започнете со следење во реално време на здравјето на културите, што ќе Ви овозможи брзо откривање и реагирање на појавата на штетници и болести.
- Може да ги користите и дигитални алатки за да ги предвидите временските услови и соодветно да ги приспособите Вашите земјоделски практики.

Придобивките од дигиталното земјоделство се многубројни, но на Вас останува да го направите првиот чекор. Не дозволувајте стравот од непознатото да Ве спречи.

## ЗГОЛЕМЕТЕ ГО ВАШЕТО ЗНАЕЊЕ, УСПЕЕТЕ СО ПРОГРАМАТА AgriSkills!

**AgriSkills** – претприемачки вештини за дигитализација на земјоделството во руралните средини“ е европски проект финансиран во рамките на програмата Еразмус+. Зад AgriSkills стојат пет европски партнери од Германија, Грција, Северна Македонија, Австрија и Словенија кои работат заедно со мисија за поддршка на одржливиот развој во руралните области на регионално ниво во Европа.

Нашиот тим има огромно искуство во развој на бизнисот, стручна обука, дигитални технологии и регионален развој. Нашата цел е да ја стимулираме свеста и знаењето на актерите во областа на дигиталните и претприемачките вештини неопходни за имплементација на иновативни дигитални технологии.

## НАШИТЕ АКТИВНОСТИ

- Проучување на реалните потреби за развој на вештини, знаење и компетенции од суштинско значење за усвојување и користење на дигитални технологии во земјоделството.
- Обука **AgriSkills** за самостојно или комбинирано учење, со пет модули, организирана како постапен процес на учење низ целиот опсег на дигитални способности во земјоделството и воведување на потребните вештини и компетенции.
- Каталог **AgriSkills** со собрани добри практики и примери кои промовираат инспиративни иницијативи со посебен фокус за развојот на бизнисот, иновации во земјоделството, особено во руралните области.
- Платформа за е-учење како виртуелна средина за интерактивни онлајн курсеви како сосема нов пристап за разбирање на дигиталното земјоделство.
- Организирање настани за вмрежување и подигнување на свеста, размена на искуства и добри практики за дигиталната трансформација на земјоделството.


INI-Novation GmbH, Германија
www.ini-novation.com

МРФП, Северна Македонија
www.mrfp.mk

WIN, Австрија
www.wissenschaftsinitiative.at

CONNEXIONS, Грција
www.connexions.gr

Id20, Словенија
www.id20.si


facebook.com/agriskills4.0 | linkedin.com/company/agriskills-4-0 | training.agriskills40.com | www.agriskills40.com


Ко-финансирано од Европска Унија

Финансирано од Европската Унија. Сепак, искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.